Врз основа на член 23 став (1) точка 2 алинеја 1 од Статутот на Регулаторна комисија за енергетика на Република Македонија бр.01-391/2 од 26 август 2011 година и бр.01-374/6 од 19 март 2019 година и член 45а од Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 65/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 219/19, 19/22 и 197/22) Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 31 октомври 2022 година, донесе

**ОДЛУКА**
**ЗА КОРЕКЦИЈА НА ПРОГНОЗИРАНИТЕ КОЛИЧИНИ НА ТОПЛИНСКА ЕНЕРГИЈА НА МЕРНО МЕСТО ЗА ПРЕТСТОЈНАТА ГРЕЈНА СЕЗОНА ЗА АВАНСНИТЕ ПРЕСМЕТКИ**

1. Се ЗАДОЛЖУВА Друштвото за снабдување со топлинска енергија ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје да го примени член 45а од Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија

2. Задолжувањето од точка 1 од оваа одлука е со цел во авансните фактури за топлинска енергија во грејната сезона 2022/2023 да се изврши корекција на прогнозираните количини на топлинска енергија на мерно место којашто ќе обезбеди износите на новите авансни фактури за топлинска енергија во претстојната грејна сезона да бидат повисоки од соодветните авансни фактури за топлинска енергија во изминатата грејна сезона во согласност со промената на тарифните ставови во одлуката од јули 2022 година, со која беше извршено зголемување на надоместокот за топлинска енергија, во однос на одлуката од јануари 2022 година.

3. Оваа одлука се доставува до Друштвото за снабдување со топлинска енергија ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“, и на веб страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на член 24 став (1) точка 1) алинеја 7 и член 29 став (1), од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика), донесе Тарифен систем за изменување на Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија Бр.01-2180/1 од 9 септември 2022 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 197/22).

Со измената на Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија, со воведување на нов член 45а, се даде можност на снабдувачот со топлинска енергија да изврши корекција на прогнозираните количини на топлинска енергија на мерно место за претстојната грејна сезона за авансните пресметки, по претходно одобрение, односно задолжение од Регулаторната комисија за енергетика.

Имајќи ги во предвид одредбите од член 45а од Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија, Регулаторна комисија за енергетика утврди дека е потребно да го задолжи Друштвото за снабдување со топлинска енергија ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје да го примени член 45а од Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија, со цел во авансните фактури за топлинска енергија во грејната сезона 2022/2023 да се изврши корекција на прогнозираните количини на топлинска енергија на мерно место којашто ќе обезбеди износите на новите авансни фактури за топлинска енергија во претстојната грејна сезона да бидат повисоки од соодветните авансни фактури за топлинска енергија во изминатата грејна сезона во согласност со промената на тарифните ставови во одлуката од јули 2022 година, со која беше извршено зголемување на надоместокот за топлинска енергија, во однос на одлуката од јануари 2022 година.

Регулаторната комисија за енергетика согласно Решение за свикување на подготвителна седница бр.02-2524/1 од 26 октомври 2022 година, одржа подготвителна седница на 28 октомври на која што оваа одлука беше предмет на расправа.

На подготвителната седница беа поканети членовите на Регулаторната комисија за енергетика, претставници од ЕСМ СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје, ЕСМ ДИСТРИБУЦИЈА НА ТОПЛИНА ДООЕЛ Скопје, ЕСМ ПРОДАЖБА ДООЕЛ Скопје, АД ЕСМ – Скопје, ТЕ-ТО АД Скопје, Кабинетот на Заменик Претседателот на Влада на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, Министерство за економија, Министерство за финансии, Комисијата за заштита на конкуренција, Стопанска комора на Северна Македонија, Сојуз на стопански комори на Македонија, Организација на потрошувачи на Македонија, како и претставник од Советот за заштита на потрошувачите на РСМ.

Регулаторната комисија за енергетика на 31 октомври 2022 година одржа седница на којашто врз основа на член 45а од Тарифниот систем за продажба на топлинска енергија и согласно на горенаведеното ја донесе оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**Бр. 02-2550/1**
**31 октомври 2022 година**
**Скопје**

**Претседател на**
**Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги**
**на Република Северна Македонија**
**Марко Бислимоски**